***Автори:*** *Александар Кржаловски*
***Дата:*** *Јули 2012*
***PDF:*** zaedno-za-evroatlantskata-perspektiva-podeleni-za-posvetenosta.pdf



Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија (ИДСЦС) во јули 2012 г. спроведоа истражување за ставовите на граѓаните за надворешната политика на Република Македонија и односите со Европската Унија (ЕУ), што се состои од прашања кои се однесуваат на стратешката ориентација на Македонија во надворешната политика и постигнувањата на Владата на тој план, како и на процесот на интеграцијата во Европската Унија. Истражувањето е спроведено со теренска анкета – лице во лице во домаќинствата од 19 до 26 јули 2012 г. на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возрасти место на живеење. Теренската анкетата ја спроведе Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС). Сите резултати од ова истражување се подложни на статистичка грешка од 2,45 %.